# СКОПЈЕ

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК



ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Број 4 Година II 2.04.2009



## ГРАДОТ СКОПЈЕ ЗА ПРВПАТ СО ПОЗИТИВЕН КРЕДИТЕН РЕЈТИНГ

## ЕКСПРЕСНО ОД КАРПОШ ДО АЕРОДРОМ НА ВЕЛОСИПЕД

## ГРАД СКОПЈЕ - ИЗВЕШТАЈ ( 2005 – 2009 )

# “СКОПЈЕ”

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило “СКОПЈЕ“ излезе на: 10 декември 2008

Излегува секоја трета среда во месецот

**Главен и одговорен уредник**
Љупчо Пандиловски

**Заменик уредник**
Елена Кузмановска

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Фотографија**
Радомир Јовановиќ

**Лектор**
Ангелика Димовска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Трифун Костовски**
Булевар Илинденска бб

**Телефони**
02 3297 255
02 3297 265

**меил - адреса**
mediumi@skopje.gov.mk
gragjani@skopje.gov.mk

ДИЗАЈН: РЕПРИНТ



**Почитувани скопјани,**

Важно е мотото: Обезбеди го денешниот ден, планирај за иднината. Тоа е повеќе од концепт. Тоа е повеќе од едно мото, тоа е начинот на кој функционираше градот Скопје изминативе четири години. Низ овие страници ќе видите докази за нашето работење во изминатиов период. Нашата трансформација започна од позиција на загуби и сега сме во фаза кога градот има средства за да може да одвојува за капитални инвестиции. Низ серии на стратешки потези успеавме да го редефинираме функционирањето на градот. Повеќе од јасно е дека без квалитетна програма нема развој на градот. Но уште повеќе е јасно дека без соодветни средства нема квалитетна програма. Нашата определба е секој денар даден од граѓанинот да биде соодветно искористен.

Зад мене оставам проекти кои само докажуваат дека имав успешен мандат, исполнет со бројни активности, пред сè на потребите и интересите на граѓните на град Скопје. Наследивме долг од поранешната администрација во износ од 11 милиони евра, дополнително оптоварен и со неколку милиони евра од изгубени судски спорови. Наследивме лоша состојба на јавните претпријатија, кои речиси беа пред колапс, со долгови, застарена опрема, неефикасно раководење и скромни човечки ресурси. Во сферата на културата затекнавме бесперспективни институции запоставувани речиси една деценија. Проблемите во јавниот сообраќај и комуналните сервиси изгледаа речиси нерешливи. Партизацијата и нестручноста на администрацијата претставуваше дополнителен проблем. Дочекавме да се случат два циклуса на парламентарни избори, и што е поважно, и во сенка се ставија сите процеси на децентрализацијата. Партиско-политичките односи во државата постојано се проектираа и во односите во локалната власт и неретко беа пречка за остварување на посакуваните и проектирани цели. Сепак, и покрај тие објективни услови сакам да оценам дека во изминатите четири години имавме коректна и продуктивна соработка меѓу Советот и градоначалникот на град Скопје.

**Почитувани сограѓани**

За време на нашиот мандат се случија капитални проекти, како клучката кај Континентал, булеварот Словенија, започнати се проекти како реконструкција на Зоолошката градина. Градската администрација го доби својот лик, културните институции започнаа да го враќаат приматот во градот, едноставно ги поставивме основите за работа, започнавме да ги средуваме работите.

Оставаме големи проекти за следниот градоначалник, оставаме средства за изведување на капитални инвестиции, оставаме полна каса.

Повеќе од јасно е дека на Скопје му треба нов Закон за градот. На Скопје му требаат повеќе одврзани раце сам да ја кроии сопствената иднина. На скопјани им треба вистински главен град – метропола. Треба да се најдат решенија кои ќе се однесуваат на денешните проблеми, но кои треба да донесат некакво предвидување за следните децении. Краткорочни решенија, не се решенија што ни требаат.

Работевме на тоа како да биде сегашноста подобра, а планиравме иднината да биде уште подобра.

**Ваш,**
**Трифун Костовски**

По извештајот на светски познатата агенција Standard and Poor's

# ГРАДОТ СКОПЈЕ ЗА ПРВПАТ СО ПОЗИТИВЕН КРЕДИТЕН РЕЈТИНГ




На 10 март 2009 година, светски познатата агенција за кредитен рејтинг Standard & Poor's го издаде првиот кредитен рејтинг за Град Скопје: ББ стабилен на збирно ниво или ББ+ за странска валута и БББ – за домашна валута, со стабилен изглед. Позитивниот кредитен рејтинг на Град Скопје значи дека по многу долго време Град Скопје не е повеќе должник, дека работиме со позитивно салдо и се отвора можност за аплицирање пред Европските фондови за добивање средства со кои ќе се реализираат капитални инвестиции од големо значење за градот и за граѓаните на Скопје, истакна на денешната прес-конференција градоначалникот Трифун Костовски.

- Денеска имам посебно задоволство да Ве информирам дека Град Скопје од агенцијата Standard I Poor's го доби својот прв кредитен рејтинг - ББ стабилен на збирно ниво. Ова значи дека е направен првиот чекор со кој се отвораат можностите на Градот за негово кредитирање и изведување на проекти од капитално значење за Скопје, како што е на пример трамвајот. Дека Градот како еден од најголемите должници во земјава, изминативе четири години со домаќинско работење прерасна во Град со позитивно салдо и поволен кредитен рејтинг. Кредитниот рејтинг на фирмите и на државните институции им обезбедува полесен пристап до светските финансиски пазари. Колку за споредба, Македонија како држава првиот кредитен рејтинг што го доби беше ББ плус за внатрешниот и ББ за надворешниот долг, а во моментов има рејтинг од БББ- за локална валута и ББ+ за странска валута, и двете со негативен изглед. Оценката за Град Скопје е ББ+ за странска валута и БББ – за домашна валута, со стабилен изглед, што значи дека е одлична база за понатамошно развивање. Критики за секоја работа има и секогаш ќе има, но повеќе од среќен сум што оставам Град кој е економски стабилен со завршени и нови започнати проекти – нагласи градоначалникот Костовски.

Тој додаде дека во Извештајот се вели дека Градот има многу мало задолжување и дека се чувствува порастот на приходите како резултат на фискалната децентрализација.

- Извештајот на агенцијата Standard I Poor's дава оценка дека градот има одлична ликвидна позиција и дека изгледите за подобрување се повеќе од реални. Во него се истакнува дека иако Град Скопје во периодот од 2005 до 2008 година има мала финансиска флексибилност и мала сила за собирање на даноци, постига силен оперативен биланс, со акумулирање на суфицитите кои денес доведоа до едно удобно ниво на готови средства наменети за капитални инвестиции. Негативности кои можат да се заменат со тек на времето и поради кои Градот не може да добие поголем рејтинг се почетното ниво на фискалната децентрализација и товарот што го носи Градот на име обврски кон јавните претпријатија. Се дава забелешка и дека приходите на Скопје остануваат лимитирани поради постојаната контрола на сите аспекти на финансирање на локалната самоуправа од страна на централната власт, каде што е контролата на даночната основа на приходите на Градот – објасни градоначалникот Костовски.

Идејата за добивање кредитен рејтинг, додаде Костовски, е дел од еден проект како Градот полесно да дојде до фондовите на Европската унија за инфраструктурни проекти.

- Во таа насока беше и нашето барање за отворање канцеларија на Скопје во Брисел, Скопје да може да користи дел од овие фондови. Иако Владата за овој наш проект не даде зелено светло, повеќе од задоволен сум што речиси во сите програми на кандидатите за градоначалници на Скопје, отворањето на канцеларија во Брисел е еден од приоритетите. Можеби, ако не и сигурно, повеќето од овие нешта се добро познати. Новината – добивањето на кредитен рејтинг е одлична вест за скопјани. Оставаме кредитно стабилен Град, оставаме можности за негово развивање – истакна градоначалникот Трифун Костовски по добивањето на позитивниот кредитен рејтинг.

Град Скопје го довршува капиталниот проект за алтернативен превоз

# Експресно од Карпош до Аеродром на велосипед

*Плановите на Град Скопје не завршуваат со доизградбата на велосипедската патека по десната страна на брегот на реката Вардар. Работите се очекува да продолжат и на левиот брег на Вардар со што исто така ќе се овозможи непречен проток на велосипеди од Карпош до Аеродром*

**Елена Кузмановска**

На велосипед од Карпош до Аеродром, непречено и безбедно по модерна и континуирана велосипедска патека. Ваква можност оваа пролет ќе се отвори пред граѓаните на Скопје со заокружувањето на проектот за изградба и реконструкција на патеката за велосипеди и ролери во минор коритото на Вардар што речиси една година го спроведува Град Скопје. Определбата на Град Скопје за воведување безбеден алтернативен превоз во градот се докажува и со спроведување на овој обемен и корисен проект. Град Скопје оваа иницијатива на градоначалникот Трифун Костовски планира да ја продолжи со изградба на патеки за велосипеди и ролери и на левата страна од реката Вардар.

- Уште еднаш го потврдуваме нашето залагање за изградба и обележување на велосипедски патеки во Скопје, но исто така и за подигање на свеста на граѓаните за можноста од користење велосипеди не само како рекреативно, туку и како алтернативно транспортно средство. Со вакво одговорно однесување кон средината во која живееме сите ќе придонесеме за намалување на штетните гасови во воздухот и поекономично трошење на енергетските ресурси. Велосипедската патека ја довршуваме токму во месеците кога временските услови полека се стабилизираат и дозволуваат велосипедот масовно да се користи како алтернативно превозно средство – вели градоначалникот Трифун Костовски.

Иницијативата за поврзување на населбите Карпош и Аеродром преку непрекинатата велосипедска врска почна на почетокот на минатата година. Беа подготвени потребните проекти, а се распишаа и тендери за избор на најповолни изведувачи на велосипедските патеки. Конкретните градежни работи почнаа во мај 2008 година кога се направи првата делница од патеката за ролери и велосипеди во минор коритото на реката Вардар од Транспортниот центар до зградата на ПИОМ. Оваа делница е долга еден километар, а патеката е со широчина од четири метри. Лентата за возење е асфалтирана, а околината целосно уредена.

- Изградбата на патеката за ролери и велосипеди продолжи со делницата од Транспортниот центар до Камени мост. На оваа локација патека постоеше, но таа беше целосно уништена. Сега, оваа делница на патеката е асфалтирана и соодветно обележана. Деновиве во тек е и јавната набавка за осветлување на ова парче – информираат од Секторот за планирање и уредување на просторот во Град Скопје.

Деновиве, екипите на „Пелагонија инжинеринг“ работат на делот од патеката за велосипеди и ролери од зградата на ПИОМ до мостот „Близнак“ во Аеродром. Подлогата на патеката е целосно тампонирана, а поставени се и рабниците. Градежниците чекаат да се стабилираат временските услови за да почне асфалтирањето на патеката. Асфалтирањето ќе значи завршување на оваа делница од патеката за велосипеди.

- Идејата на градоначалникот Костовски е Градот да го изгради и делот на патеката од Камени мост до пешачкиот мост зад зградата на Владата. Се подготвуваме да го уредиме и тој дел од патеката. Откако целосно ќе ги поврземе населбите Карпош и Аеродром преку велосипедската патека на десниот брег, ќе продолжиме да работиме по должината на левиот брег на Вардар. На тој потег, работите би почнале прво од централното градско подрачје, на делот меѓу Нови мост и зградата на МАНУ. Патеката за ролери и велосипеди на левиот брег на реката Вардар исто така ќе овозможи поврзување на населбите Карпош и Аеродром. За комплетната изградба на патеката по должината на десниот брег Град Скопје ќе потроши околу 20 милиони денари, пари кои се предвидени во важечкиот буџет – додаваат од Секторот за планирање и уредување на просторот во Град Скопје.





## Црвени ленти на градските улици

Град Скопје активно се вклучи во проектот за обележување црвени ленти на градските улици по кои е дозволено да се движат само велосипедисти. Овој проект на невладината организација „Проактива" и Амбасадата на Кралството Холандија во нашата земја Град Скопје безрезервно го поддржа.

- Проектот опфаќаше обележување со црвена боја на сообраќајни ленти на градските улици и крстосници кои ќе бидат резервирани само за велосипедисти. Градот ја направи ревизијата од сообраќаен аспект, направи интервенции за спуштање на рабниците во деловите во кои тоа беше неопходно, ги бојадиса патеките и постави вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација. Работите се одвиваа на потегот од Аеродром до мостот „Обединети нации" на главните сообраќајници и крстосници – велат од Секторот за планирање и уредување на просторот во Град Скопје.



## Модерна пешачка патека осамна во Ѓорче Петров

Како дел од проектот за уредување на патеките во Скопје, Градот Скопје пред два месеца изгради пешачка патека од мостот во Сарај кон фудбалското игралиште, по насипот над реката Вардар.

- Оваа патека е долга 1 100 метри и е покриена со бехатон плочки со површина од околу 3 000 квадратни метри. Нејзината изградба го чинеше Град Скопје пет милиони денари. Изградбата на оваа патека е инвестиција на Град Скопје чии планови не застануваат тука. Деновиве тече јавен повик за избор на изведувач на градежните работ за уште еден километар од патеката по насипот. За таа делница ќе ни бидат потребни четири милиони денари кои се предвидени во Буџетот на Град Скопје за 2009 година – велат од Секторот за планирање и уредување на просторот во Град Скопје.



Буџети на метрополите во Југоисточна Европа

## Белград ќе троши 757 милиони евра

Буџетот на градот Белград за 2009 година ќе изнесува околу 757 милиони евра. Планираните приходи изнесуваат 658 милиони евра, а расходите 653 милиони евра, со буџетски суфицит од 5 милиони евра. Во однос на расходите, најмногу финансиски средства - 250 милиони евра или околу 38 отсто од буџетот ќе се троши за изградба на инфраструктурни објекти и тоа: 144 милиони евра за градежни објекти и објекти од комуналната инфраструктура кои се финансираат преку Дирекцијата за градежно земјиште и изградба на Белград, потоа 45 милиони и 588 илјади евра за патишта и железнички премини, како и 10 милиони и 600 илјади евра за Агенцијата за инвестиции што ќе биде вложено во реконструкција на сообраќајна инфраструктура и изградба на објекти.

За образованието се предвидени средства во износ од околу 8 милиони и 700 илјади евра, кои ќе бидат наменети за изградба на неколку нови основни училишта, како и за реновирање на бројни други училишта.

За комунални и станбени работи се предвидени околу 3 милиони евра, наменети за реализација на проекти за топлификација и водовод, како и за објекти на јавното и декоративното осветлување. Субвенциите за јавните претпријатија и организации и приватни компании во 2009 година ќе изнесуваат околу 83 милиони и 500 илјади евра, т.е. околу 12,7 отсто од Буџетот.

Ова значително намалување во однос на минатата година е резултат на цврстото определување на градот Белград преку намалување на субвенциите да ослободи дел од средствата наменети за капитални инвестициски проекти преку создавање услови јавните претпријатија трошоците на работење да ги финансираат од приходите остварени од цените на услугите.

Ирена Мишева,
претседател на Советот на Град Скопје

# СЕ ОД ГРАЃАНИНОТ И СЕ ЗА ГРАЃАНИНОТ НА СКОПЈЕ



Како претседател на Советот на Град Скопје, морам најнапред да го изразам своето задоволство од големиот степен на разбирање и коректност меѓу советниците во изминатите четири години, независно од нивната политичката припадност, во работењето и конституирањето на новата позиција на Град Скопје.

Во перидот кој е зад нас имавме многу обврски, многу проблеми, бевме исправени пред многу предизвици кои доаѓаа пред нас како советници и би можела да кажам предизвици со кои се соочивме како прва генерација на советници кои работевме согласно со процедурите и законските акти во процесот на започнување на децентрализацијата.

Преземањето на новите надлежности, организацијата на градската администрација, консолидирањето на финансиската состојба на градот, но и на јавните претпријатија и јавните установи, претставуваа предизвик на кој требаше да одговори Советот на Град Скопје.

Сметам дека токму благодарение на меѓусебното разбирање, конзистентноста и пред се високата морална и етичка поставеност на советниците од една како и соработката со градоначалникот и градската администрација од друга страна, во целост успеавме да ги реализираме сите предизвици кои ни беа поставени на почетокот на мандатот.

Децентрализацијата, плановите за работа, програмите на јавните претпријатија, големите капитални инвестиции, субвенциите за јавните претпријатија, новата културна политика, физибилити студиите за гасификација и шински превоз, како и многуте стратегии усвоени во овој период се дел од актите усвоени на 84-те седници на Советот. Советниците за да можат успешно да ги реализираат сите наброени проекти, подготовките ги правеа во 22 комисии и помошни тела на Советот. Затоа, посебно го истакнувам консензусот, како доминантна придобивка, затоа што претставниците од 17 политички партии застапени во него секогаш успеваа да се издигнат над партискиот интерес, кога беа прашањата од посебен интерес на граѓаните на дневен ред. И не само кон споменатите теми, еднаков беше односот и кон образованието, социјалната заштита, управувањето со сите сегменти на она што претставува Град Скопје, како и грижата за Противпожарната бригада.

На крајот од мандатот, можам да констатирам дека оствариме и голема придобивка во комуникацијата со граѓаните и транспарентноста во работењето и одлучувањето на Советот; како на планот на директната комуникација со нив, така и со соработката преку невладините организации.

Град Скопје го чуствувавме како наш град, град кој сакавме да се развива, притоа негувајќи ја неговата космополитска димензија, град во кој ја негувавме неговата историја,традиција се грижевме за културните придобивки од минатото, но во исто време ја развивавме сегашноста и како Совет имавме силни визии за иднината.

Горди сме затоа што на советниците кои ќе не заменат во советничките клупи, им оставаме за прв пат нов амбиент каде ќе работат, нова сала која ќе ја почуствуваат веднаш штом ќе дојдат во неа затоа што има историја,со нов лик онаков како што одговара на дигнитетот на граѓаните, им оставаме и основни акти, како што се Статутот и Деловникот за работа на Совет на град Скопје како основни инструменти за работа, со што веднаш ќе може да стартуваат со работа.

Покрај тоа, останувaат средства и капитално развоен буџет, со кој поефикасно ќе можат во иднина да ги планираат и реализираат своите проекти.

Им го оставаме и Е-советот, механизам кој дополнително ќе ја зголеми транспарентноста и ефикасноста на новите советници, тоа е уште едно од достигнувањата на овој Совет на Град Скопје.

На крајот го оставаме и нашето мото “СЕ ОД ГРАЃАНИНОТ И СЕ ЗА ГРАЃАНИНОТ НА СКОПЈЕ“, како единствена идеја водилка на секој што ќе ја има честа да биде советник во Советот на Град Скопје.

# ГРАД СКОПЈЕ ИЗВЕШТАЈ 2005 – 2009

*Градот Скопје е град со голема душа. Големите градови се изградени од посветени луѓе. Скопје заслужува да заживее како вистинска метропола, како вистински културен и економски центар на Македонија. Еве што направи Град Скопје во таа насока во изминативе четири години во мандатот на градоначалникот Трифун Костовски*

## УРБАНИЗАМ

### Клучката кај “Континентал”



За време на мандатот на градоначалникот Трифун Костовски се случи грандиозниот проект кој се градеше 14 месеци - клучката кај хотелот „Континентал“, свечено пуштена во употреба на 13 Ноември 2008 година. Клучката е голема раскрсница на две нивоа, на која сообраќајот се одвива без семафори и застој. Со неа се реши хроничниот застој во сообраќајот кај Бит пазар и кај Судската палата. Во исто време овозможен е директен пристап од населбата Автокоманда кон Железничката станица. Со средишната сообраќајница и кружниот тек, пак, за првпат се овозможува сообраќајно враќање назад кон Чаир и булевар Никола Карев.

Околу кружниот тек има звучна бариера. Клучката е збогатена и со километарската бетонска жардиниера.

Во овој проект Град Скопје вложи три милиони евра.

### Нови жардиниери на булеварите

Град Скопје во буџетот за 2009 година издвои 30 милиони денари за изградба на нови жардиниери во средишните појаси на скопските булевари.




Жардиниерата на Кузман Јосифовски-Питу е со должина од 920 метри и ќе се протега од Железничката станица до Народна банка на Македонија, а онаа на Јане Сандански ќе биде со должина од 800 метри. Жардиниерата на булеварот Партизански одреди е долга 2650 метри и е на потегот од Рузвелтова до мостот “Обединети нации”. Булеварот 8 Септември ќе го разубавува жардиниера долга 1100 метри која ќе се гради од фабриката “Алумина” до улицата Илинденска.

По завршувањето на градежните работи ЈП “Паркови и зеленило” ќе инсталира систем за наводнување “капка по капка”, а во жардиниерите ќе бидат засадени ниски грмушки и цвеќиња.

### Булевар Словенија

Булеварот Словенија, долг 1,8 километри, е единствениот сосема нов булевар, кој бил изграден во Скопје во последните две децении. Се градеше една година и претставува сообраќајна врска на општината Карпош со Чаир и Бутел. Значаен е и за развој на индустриската зона Визбегово, како и за промоција на Аквадуктот, кој се наоѓа во негова близина, а претставува споменик на културата.

Должината на булеварот, заедно со краците, изнесува 2.400 метри. Има четири ленти, од кои секоја е широка 3,5 метри. Граден е според сите булеварски стандарди и претставува еден од најскапите проекти на Градот. Инвестицијата изнесува околу четири милиони евра.

### Проширување на Илинденска

Проширувањето на булеварот Илинден, од фонтаната „Лотосов цвет“ до крстосницата со булеварот 8 Септември, останува зафат кој ќе мора да го доврши наредната градска власт. Иако градот поседуваше комплетна документација, општините од необјасниви причини, една година одбиваа да издадат градежни дозволи за овој зафат.

За проширувањето на Илинденска, како едно од ветувањата на градоначалникот Трифун Костовски, обезбедени се средства, изведувач, а изградени се и 500 метра од атмосферската канализација во делот на Илинденска каде не постојат имотно-правни проблеми.

### Пионерскиот дом Карпош со целосно нов лик

Старата зграда на Пионерскиот дом Карпош на булеварот Илинден ќе се врати во живот. После четири децении запуштеност, Град Скопје почна со целосна реконструкција на овој културен дом. Град Скопје за освежување на спомеников на културата издвои шест милиони денари.

### Проширување на крстосниците кај „Тутунски комбинат“

Град Скопје минатиот месец почна со проширување на крстосниците и улиците кај „Тутунски комбинат“. По завршувањето на градежните работи ќе се обезбеди полесен проток на возилата во овој дел од градот, каде со години, поради тесното грло, владее неподнослив сообраќаен метеж.

**- Нова лента на булеварот Видое Смилевски-Бато**



**- Реконструкција на влезниот партер во Старата чаршија**

**- Булеварот Гоце Делчев со две нови коловозни ленти**

**- Се проби булеварот Србија кај цементарницата “Усје”**

**- Изградена е сервисна улица за социјалните згради во Бутел**

**- Метежот кај Градска болница решен со проширена сообраќајница**

**- Мост на реката Вардар кај Транспортен центар**

**- Пробиени Теодосиј Гологанов и Адолф Циборовски кон Ѓорче Петров**

**- Реконструкција на улицата Елисие Поповски-Марко во Центар**

**- Обнова на улицата Бутелска**

**- Уредени тротоарите на улиците Востаничка и Пржино во Кисела Вода**

**- Санација на улици во Центар, Карпош и Радишани**

**- Пробивање на булеварот Македонска војска**



**- Асфалтирање на улици во Карпош и крпење на дупки во Бутел**

**- Асфалт за улицата Лисец во Горно Лисиче**

**- Асфалтирање на улици во Автокоманда и Ченто**

**- Изградени 21 пристапни рампи во средните училишта и во културните установи**





**- Изградба на клучката „Детелинка“**

**- Реконструкција на тротоарите на бул. Никола Карев во Чаир**

**- Санирање на ударни дупки во Кисела Вода, Ѓорче Петров и Центар**

**- Асфалтирање на улицата 37 во Сингелиќ**

**- Плоштад пред црквата “Света Богородица”**

**- Асфалтирање на улицата кон Природно-математичкиот факултет**

**- Закрпени улици во Кисела Вода, Карпош, Центар и Ѓорче Петро**

## КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

### Гасификација

За да започне гасификацијата на градот, во 2007 година, со одлука на Советот на Град Скопје, беше формирано јавно претпријатие “Енергетика Скопје”. Надлежностите на јавното претпријатие се дистрибуција на природен гас, управување со системот за дистрибуција на гасот, снабдување со топлинска енергија, дистрибуција на геотермална енергија, како и производство на енергија од обновливи енергетски извори. Целта беше изнаоѓање на стратешки партнер кој би инвестирал во гасоводна мрежа и на кој ќе му бидат продадени половина од акциите, претпријатието потоа беше трансформирано во акционерско друштво.

Студијата за процени на гасификацијата на Скопје ја изработи турската фирма “Игдаш”. Според неа изградбата на примарната мрежа би чинела околу 45 милиони евра, а целосната гасификација на градот би изнесувала околу 100 милиона евра. Целосната гасификација на градот би се случила во 2026 година.

### Изградба на фекална и атмосферска мрежа во Маџари и Инџиково

Јавното претпријатие “Водовод и канализација” пред пет години почна со изградба на фекална канализација за населените места Маџари, Хиподром, Инџиково и Стајковци, но интензивната изградба се одвиваше во мандатот на градоначалникот Трифун Костовски. Се работи за најголем проект на иградба на фекална мрежа во цела Македонија долга 14 километри. Се вградуваа цевки широки еден метар, а се работеше на длабочина од 7,2 метри. Во тек е втората фаза од вкупно четири, со цел канализацијата да биде пуштена во употреба. Освен недостатокот од пари, проблем при изградбата правеа и подземните води.

Вкупната сума за оваа инвестиција изнесуваше 120 милиони денари, од кои 61 милиони денари обезбеди Владата, по иницијатива на општината Гази Баба.



**- Проект фекална канализација за Бутел и Радишани**

**- Проект за замена на азбестните водоводни цевки во градот**

**- Нова водоводна мрежа за високата зона на улица Ловќенска**

**- Поправка на оштетената хидрантска мрежа**

**- Замена на водоводната мрежа на улица Дижонска во Чаир**

**- Покриен каналот во Шуто Оризари и изградба на нова атмосферска канализација**

**- Атмосферска канализација на улицата Првомајска во Кисела Вода**

**- Атмосферска канализација на улицата Пелинце**

**- Атмосферска канализација Усје-Пржино**

**- Колекторски систем во Шуто Оризари и атмосферска канализација во Чаир**

**- Атмосферска канализација и фекален колектор на улицата Лазар Личеноски во Центар**

## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Б - еколошки интегрирани дозволи

Градоначалникот Трифун Костовски во февруари 2009 година ја додели првата Б-интегрирана дозвола за еколошко работење на фирмата "ИГМ Вратница", подружница Визбегово. За добивање Б- еколошка дозвола аплицирале уште 28 фирми од подрачјето на Скопје.

Сите фирми кои ќе добијат ваква дозвола ќе значи дека произведуваат без да ја загадуваат животната средина, почитувајќи ги сите еколошки стандарди кои важат во нашата земја.

Издавањето на Б-интегрирани еколошки дозволи, кое го спроведува Секторот за животна средина на Град Скопје, е регулирано со владина уредба и во неа се предвидени активностите, оперативниот план и временскиот распоред за поднесување на барање за дозвола.

### Селекција на отпад во Тафталиџе

Во ноември 2007 година, Јавното претпријатие "Комунална хигиена" почна со реализација на пилот-проектот за селектирање на домашен отпад.

Првата фаза од пилот-проектот предвидува граѓаните кои живеат во Тафталиџе, општина Карпош, да ги издвојуваат пластичните шишиња, лименките и старата хартија од останатиот домашен смет и да ги складираат во жолта, црвена и сина кеса.

Така селектираниот отпад екипите на комуналното претпријатие го подигнуваат еднаш во неделата.

Селекцијата на отпад ќе се примени на ниво на цел град, но дури откако ќе се согледаат сите димензии од неговата реализација во Тафталиџе.

Пилот-проектот беше реализиран во соработка со општина Карпош и со УСАИД.

### Модернизација на депонијата Дрисла

Градските власти, во мандатот на градоначалникот Трифун Костовски оствариja преговори со неколку фирми за реализација на проект за депонијата "Дрисла" за нејзина модернизација и намалување на загадувањето на животната средина. Тема на преговорите беше искористување на капацитетите од депонијата, односно метанот, за производство на електрична енергија.




**- Акција "Штеди ја природата" за чистење на Водно и на Кејот**

**- Одржување на минор коритото на реката Вардар**

**- "Комунална хигиена" ја презеде одговорноста за хигиената на Водно и Матка**

**- Цистерни и видиковци на Водно**

**- Декоративен бунар и видиковец во Градски парк**

**- Уреден карактеристичниот пејсаж „Гази Баба"**

**- Изградена летна училница на Водно**

**- Засадени 2 000 садници на Водно**

**- Голема акција за чистење на Паркот и Кејот**

**- Нови 590 дрвца на улиците и булеварите**

**- Редовни акции за чистење на зеленилото од лисја и отпадоци**

**- Сто нови садници од „Алумина" до студентскиот дом "Гоце Делчев"**



**- Акција "Зелена сабота" за чистење на Градскиот парк**

**- Засадени 955 садници во Карпош и Ѓорче Петров**

## СООБРАЌАЈ

### Електронска наплата во јавниот превоз и автоматско следење

ЈСП "Скопје" од годинава ќе почне со електронска наплата во јавниот превоз наречен "смарт тикетинг" систем. Турската фирма "Ксмет карт" ќе инсталира електронски уреди во 250 автобуси.

Новите картички ќе овозможат безготовинско плаќање на услугата. Ќе имаат важност пет години, односно ќе се купуваат еднаш, а потоа само ќе се надополнуваат.

Паралелно со воведување на електронската наплата, ЈСП ќе го реализира и проектот за автоматско следење на автобусите. Со овој систем ќе се следи дали и колку автобусите се придржуваат кон возните редови, но и колкава е потрошувачката на гориво.

**- Одбројувачи на зелено и црвено светло на скопските сообраќајници**



**- Монтирани 1 000 штедливи лантерни на семафорите**

**- Гасификација на 42 автобуси на ЈСП**

**- Нова станица за приградските автобуси**

**- Звучна сигнализација за слепи лица на семафорите**

**- Зелен бран на виталните скопски сообраќајници**

**- Нова велосипедска патека во Аеродром**

**- Обележување на улиците и обнова на сообраќајните знаци**

**- Нови семафори на Првомајска**

## КУЛТУРА

### Културен хепенинг "Бела ноќ"

По примерот на големите културни центри Рим, Париз, Брисел, за првпат во 2005 година, Град Скопје ја организираше манифестацијата "Бела ноќ". Тоа е настан кој во една ноќ го ангажира целокупниот творечки потенцијал и креативност во градот, а граѓаните се поканети на една непосредна средба со културата, спортот, уметноста, солидарноста, квалитетот на животот. За време на одржувањето на оваа манифестација, која трае од вечерните до раните утрински часови, Скопје е центар на бројни случувања како театар, солидарност, танц, спорт, музика, шопинг. Се дава живот на значајните места во градот од најтрадиционалните до најалтернативните простори за духовен израз.



Град Скопје, во периодот од 2005 до 2008 година, сумата за подршка на оваа културна манифестација ја зголеми за седум пати, односно од 4,5 милиони денари на 31,6 милиони денари.

### Баскерфест

Скопјани, за првпат во 2006 година, под покровителство на Град Скопје, имаа можност да бидат дел од интернационалниот мултикултурен фестивал "Баскерфест", кој понуди перформанси досега невидени во главниот град.

Фестивалот, кој трае неколку дена, нуди можност за дружба на граѓаните со жонглери, акробати, комичари, голтачи на оган и со уште многу други, досега невидени, улични артисти.

Забавата за граѓаните веќе три години е бесплатна.



### "Сеевропски матурски танц" во Скопје

Масовниот танц на матурантите од сите средни училишта на Град Скопје, на плоштадот Македонија, за првпат се случи во 2007 година. Матурската парада на најголемиот синхронизиран танц во светот, ја организираше Град Скопје, Секторот за меѓународна соработка и Одделението за образование при Секторот за јавни дејности на Град Скопје.

Оваа парада, во која скопските матуранти учествуваа во соборувањето на Гинисовиот рекорд, преку сателит ја следеа над 150 000 гледачи. Скопскиот плоштад беше една од 50-те локации во Европа каде се одржуваше оваа приредба.

### Манифестација "Звуци на чаршијата"

Со цел на посетителите да им биде свртено вниманието кон културниот и духовен споменик Стара чаршија, Градот Скопје заедно со Општина Чаир, ја промовираа манифестацијата "Звуци на чаршијата". Вниманието на посетителите беше задржано преку атрактивни концерти, изложби, филмска и детска програма, детска претстава, жонглери, куклари.

Во рамките на "Звуци на чаршијата", во Занаетчиската комора се расправаше и за проблемите на еснафот и реанимација на старите занаети како филигранството, опинчарството, грнчарството, јорганџиството, казанџиството кожарството.

**- Формиран е Градски оркестар**

**- Отворен е Градски театар „Скопје"**

**- Поддршка на најголемиот бренд во Република Македонија „Скопски џез фестивал"**

**- Поддршка на Скопско лето, „Синедејс",**

**- Млад отворен театар...**

**- Проект "Скопје метропола"**

## МАТКА

### Манифестација "Ја сакам Матка"

Град Скопје и невладината организација "Фагриком" организираа големо дружење со граѓаните за промоција на проектот за заштита на биодиверзитетот во спомеников на природата. Манифестацијата се одвиваше под мотото "Ја сакам Матка".

Активистите од Еколошкото друштво "Еко-акција" од Сарај засадија 40 садници, донација од Друштвото и на тој начин го поддржаа проектот на Град Скопје.

Градот обезбеди бесплатен превоз и закуска, а посетителите ги забавуваа етнобендовите "Баклава" и "Љубојна". Најмладите можеа да уживаат во претставата со кловнови.



**Ревитализација и реновирање на Матка**

Град Скопје, во рамки на проектот за ревитализација и реновирање на скопскиот споменик на природата Кањонот Матка, реализираше низа активности кои целосно го сменија ликот на ова место.

Постоечкиот паркинг простор беше проширен, а беа поставени и осум нови канделабри. За таа цел градските власти ја сменија и целата електрична инсталација . На Планинарскиот дом пак беа поставени пет фенери со автентичен изглед и еден голем рефлектор. Тој е насочен кон карпите со цел да ги осветлува во вечерните часови.

Околу црквата “Свети Андреа” поставена е нова заштитна ограда, во должина од седумдесеттина метри, со што Град Скопје ја зголеми безбедноста на сите посетители. Пред Планинарскиот дом и пред црквата “Свети Андреа” целосно беше отстранета старата парковската опрема, односно беа поставени дванаесетина нови дрвени клупи во форма на триаголник.



Пешачката патека, во должина од три и пол километри, исто беше реновирана и тоа на потегот од Клинот па се до висечкиот мост кој исто така е еден од новитетите за кањонот Матка. Град Скопје издвои 10 милиони денари за реализација на висечки мост преку кој пешки ќе се стигнува до трите пештери, Врело, Крштела и Убава.

**ЗООЛОШКА ГРАДИНА**

**НОВА МОДЕРНА ЗООЛОШКА ГРАДИНА ЌЕ НИКНЕ ВО СРЦЕТО НА СКОПЈЕ**

Скопската Зоолошка градина за две години ќе добие европски изглед. Тогаш се очекува да заврши целосната реконструкција, која започна во 2006 година. Децении наназад, таа, за граѓаните беше само место каде животните се одгледуваат во несоодветни услови или се малтретирани од несовесни посетители.



Реконструкцијата на овој капитален проект се реализира со средства од Град Скопје, од Владата, од правни и физички лица.

За три години за реконструкција беа потрошени 2,5 милиони евра, а целиот проект чини четири милиони евра. Проектот, кој беше финансиран од градот Нирнберг, беше изработен од Мартин Шукер, американски архитект, специјализиран за изработка на проекти за зоолошки градини и Даг Енке, директор на нирнбершката Зоолошка градина.

За три години целосно е сменета инфраструктурата, а животните добија нови живеалишта кои се адаптирани како природните средини од каде потекнуваат. Исто така збогатени се со карпи и дрвја, а оградени со дрвени балвани.

Во обновената Зоолошка градина, како донации од други зоолошки градини, ќе пристигнат многу нови животни, а за вработените е предвидена дополнителна едукативна обука.



Раководството на Зоолошката градина поднесе и кандидатура за членство во Европската асоцијација на зоолошки градини и аквариуми (ЕАЗА). Во мај годинава се очекува да пристигне комисија која ќе даде оценка дали градината ги исполнува условите за членка на оваа асоцијација.

**Изградени првите две туристички бироа**

За поефикасен развој на туризмот во Скопје, како и за промовирање на културата и историјата на градот, во просториите на Културно-информативниот центар (КИЦ), како и во рамките на Транспортниот центар, Град Скопје, изгради две туристички бироа.

Задача на вработените во овие објекти е да посредуваат во обезбедувањето услуги во доменот на сместувањето на туристите, како и да продаваат билети за културни, забавни, спортско-рекреативни и стопански приредби.

**Модернизација на скопската Противпожарна бригада**



Градоначалникот Трифун Костовски годинава додели 300 парчиња зимска заштитна опрема на вработените од скопската Противпожарна бригада.

Град Скопје, својот однос кон овие храбри луѓе, во мандатот на градоначалникот Трифун Костовски, го искажуваше со континуирани акции за доделување опрема, но и со многу донации од збратимени градови, кои придонесоа за модернизација на бригадата.

Вредноста на последното доделување на зимска опрема изнесуваше 1 840 000 денари.

Ценејќи го квалитетот на работата на пожарникарите, но и нивниот професионализам, Градот годинава издвои 25 880 000 денари за набавка на противпожарни возила, теренско возило, како и информатичка и комуникациска опрема.

## ПОНИШТЕН ТЕНДЕРОТ ЗА СКОПСКИОТ ТРАМВАЈ

Долгоподготвуваниот проект од највитално значење за граѓаните на Скопје, алтернативниот трамвајски превоз, пропадна, затоа што на објавениот јавен повик од страна на Град Скопје ниту една фирма не конкурираше со понуда. Во фаза на подготовка на јавната набавка 17 европски реномирани корпорации од оваа област подигнаа документација за учество во јавната набавка. Сите компании беа од Европската унија, а меѓу нив и корпорации од Австрија, Чешка, Шпанија, Франција, Италија, Германија, корпорации кои со децении имаат работено на изградба на шински системи и возила за скоро сите светски метрополи.

Градоначалникот Трифун Костовски, по ваквиот епилог изјави дека не е изненаден од овој скандалозен настан.

Градот Скопје во изминатите три години изработи физибилити студија за скопскиот трамвај, проектни решенија, активно работеше на изнаоѓање на средства од европските фондови, доби кредитен рејтинг кој дава гаранции за финансиската издржаност на проектот и на крајот, од средствата на граѓаните на Град Скопје во буџетот за 2009 обезбеди 430 милиони денари за отпочнување со реализација на првата фаза од проектот. Сите претходно споменати напори беа поткрепени со одлуки на Советот на Град Скопје.

Градоначалникот Трифун Костовски донесе одлука за поништување на тендерот за трамвај.

## ЖОЛТИ ПРЕЧКИ НА БУЛЕВАРИТЕ

Екипи на Град Скопје почнаа да поставуваат надолжни жолти пречки за автобуските ленти од двете страни на булеварот Партизански одреди, на потегот од булеварот Климент Охридски до улицата 29 Ноември. Жолтите пластифицирани гумени бариери се со височина од околу 120 милиметри и ќе бидат поставени на постоечките жолти ленти наменети за возилата за јавен превоз на патници во градот Скопје.

Целта на жолтите бариери е да се спречи злоупотребата од останатите учесници во сообраќајот на жолтите ленти наменети за линиски превоз, како и обезбедување на непречено движење на автобусите.



## БЛЕСНА ПЛАТОТО ПРЕД ФОНТАНАТА „ЛОТОСОВ ЦВЕТ“

Градоначалникот Трифун Костовски на 21 март, Денот на пролетта, свечено го пушти во употреба реконструираното плато на влезот во Градскиот парк, кај фонтаната „Лотосов цвет“ и платото околу споменикот на Гоце Делчев. Свечената манифестација на платото кај фонтаната започна со настапот на Градскиот оркестар, а потоа следеа низа културни содржини, меѓу кои и настапот на КУД „Орце Николов“.

Платото на влезот во Градскиот парк се реконструираше во изминативе шест месеци. На партерот се поставени нови травертински плочки на површина од 3000 квадратни метри.

Заменет е мермерот и на основата на фонтаната „Лотосов цвет“, а фонтаната е целосно исчистена.

Дваесет и две бетонски клупи се бојадисани со бела боја, а поставени се и нови дрвени седишта.

За лицата со посебни потреби направени се две помали рампи и една поголема рампа на преодот од платото кон споменикот на Гоце Делчев.

Споменикот на Гоце Делчев е исчистен, а мермерот на постаментот е сменет. Просторот е облагороден со различни видови садници околу плочникот, а формирана е нова алеја кон и зад споменикот на Гоце Делчев.

За обновата на влезната партија во Градскиот парк Градот Скопје издвои 17 милиони денари од буџетот.

## РЕНОВИРАНИ ДВЕ КУПАТИЛА ВО ДОМОТ „11 ОКТОМВРИ“

Со донација од збратимениот град Нирнберг во Домот за деца без родители „11 Октомври“ минатиот месец беа реновирани две купатила. Донацијата е резултат на долгогодишната и плодна соработка меѓу Нирнберг и Град Скопје.

- Особено сум горд што градот Скопје во збратимениот Град Нирнберг има искрен пријател кој е подготвен да даде своја поддршка и во најтешките мигови. Доказ за тоа се овој пат подарените санитарии од Нирнберг во висина од 15.000 евра. Градот Скопје се обврзува и понатаму будно да бдее над вас и да ви обезбеди што подобри услови во кои ќе растете опкружени со љубов и внимание – рече градоначалникот Трифун Костовски кој ги предаде во употреба реновираните купатила.

Градоначалникот Костовски во име на Град Скопје на децата им подари и музички систем.



## ПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА КРСТОСНИЦИТЕ КАЈ „ТУТУНСКИ КОМБИНАТ“

Четири крстосници и четири улици ќе бидат целосно реконструирани и проширени со проектот што минатата недела го почна Град Скопје. Станува збор за многу значаен и сложен проект кој, според предвидувањата, за 50 отсто ќе го растовари сообраќајот во овој дел од градот. Финансиската рамка на проектот за реконструкција на улиците и крстосниците изнесува 12,5 милиони денари, пари кои се целосно обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2009 година.

Градежните работи планирани со реконструкцијата опфаќаат реконструкција на крстосницата меѓу улиците 11 Октомври, Пролет и булеварот Македонија (крак); реконструкција на крстосницата меѓу улиците Пролет, 3-та Македонска бригада и Славе Георгиев; реконструкција на крстосницата меѓу улиците 11 Октомври, Иван Козаров и булевар Македонија (крак); реконструкција на крстосницата меѓу изградениот булевар Македонија и двата негови крака; реконструкција (проширување) на улицата 3-та Македонска бригада на делот од булеварот Никола Карев до улицата Пролет; реконструкција (проширување) на улицата Пролет на делот од „Тутунски Комбинат“ до улицата 3-та Македонска бригада; реконструкција (проширување) на улицата Иван Козаров во должина од околу 100 метри; реконструкција (проширување) на улицата Славе Георгиев во должина од околу 50 метри.

Градежните работи ќе ги изведуваат екипите на „Мавровоинженеринг“ во рок од деведесет работни дена, во зависност од временските услови.



## ПУШТЕНА ВО УПОТРЕБА ПРВАТА ДЕЛНИЦА ОД БУЛЕВАРОТ МАКЕДОНСКА ВОЈСКА

Градоначалникот Трифун Костовски на 20 март годинава свечено ја пушти во употреба првата делница од булеварот Македонска војска во општината Ѓорче Петров. Во првата фаза од реализацијата на овој капитален сообраќаен проект, на потегот од крстосницата со булеварот Партизански одреди до крстосницата со улица Ѓорче Петров беа изградени две сообраќајни ленти во должина од 400 метри и два тротоара покрај коловозот.

На завршената делница на булеварот Македонска војска е поставено ново улично осветлување и атмосферска канализација, а е извршено и комплетно хортикултурно уредување на просторот.

Иако не беше дел од проектот, со донација на Град Скопје е извршено поплочување на паркинг-просторот кај црквата „Свети Петар и Павле“ во општината Ѓорче Петров.

Финансиските средства во висина од 17 милиони денари беа во целост обезбедени од Буџетот на Градот Скопје. Градежните работи ги изведуваа екипите на „Гранит“.

## ДИСПЛЕИ НА АВТОБУСКИТЕ СТАНИЦИ НА 57-КА

Поставување дисплеи на автобуските постојки кои ќе информираат за времето во кое пристигнува автобусот што го чекаат патниците, развој на Центар за управување и контрола на сообраќајот, преобразба на 12 автобуси на ЈСП на работа на природен гас и изработка на стратегија за одржлив урбан транспорт се четирите проекти кои во наредните четири години ќе ги работи Град Скопје, во соработка со ЈСП „Скопје“ и со Техничкиот факултет од Битола, а кои се дел од големиот европски проект „РЕНЕСАНСА“.

„РЕНЕСАНСА“ е проект за тестирање на иновативни стратегии за чист градски сообраќај во историските европски градови, во кој, освен Скопје се вклучени уште и Бат од Англија, Перуџа од Италија, Горна Ораховица од Бугарија и Шижинек од Полска. Град Скопје минатиот месец беше домаќин на дводневниот состанок на конзорциумот составен од 30 члена од 5-те европски града кои се дел од проектот „РЕНЕСАНСА“, на кој се разговараше за досегашните активности кои во рамките на проектот биле спроведени во секој од петте европски града. На крајот од состанокот се дефинираа и идните активности.

Проектот „РЕНЕСАНСА“ Градот Скопје го почна на 15 септември минатата година. За прв пат во нашата земја еден град добива финансиски средства од Европската Унија преку FP7 програмата во вредност од 700.000 евра за кофинансирање на споменатите четири проекти.

- До крајот на оваа година како дел од проектот „РЕНЕСАНСА“ на најмалку осум автобуски стојалишта на линијата со број 57 во централното градско подрачје ќе поставиме дисплеи на кои граѓаните во реално време ќе се информираат за колку минути на станицата ќе пристигне автобусот што го чекаат. Овој чекор ќе им помогне на граѓаните поедноставно да си го планираат времето и обврските. ЈСП „Скопје“ наскоро на тендер ќе ги набави информативните табли. Дел од средствата за спроведување на оваа активност веќе ги имаме. Системот кој сега го набавуваме за Автоматска локација на возилата ќе помогне преку соодветен софтвер да се добиваат точни податоци за движењето на автобусот и за неговото пристигнување на станицата – вели Јован Христоски, раководител на Секторот за сообраќај на Град Скопје.

# ПЛОДНА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА 2005-2009

Четириесетина високи делегации предводени од градоначалници, заменици-градоначалници, претседатели на совети и високи функционери го посетија градот Скопје во изминатите четири години. Најтесна соработка беше остварена со збратимените градови Темпи /САД/, Нанчанг / НР Кина/, Нирнберг и Дрезден / Германија/, а посебно инпонираше возобновената соработка со Варен /Белгија/ и Дижон /Франција/. Во оваа групација спаѓа и Истанбул, со кој се негуваат посебни врски, како и со престолнината на Русија, Москва.

Гости на градот Скопје беа и претставници на Волагонг /Австралија/, Стокхолм /Шведска/, Подгорица / Црна Гора/, Сараево /БИХ/, Белград, Софија, Тирана, Љубљана, Букурешт, Атина, Штутгард, Марибор, Идрија, Бари и Талин.

На планот на билатералната соработка, Скопје склучи уште две збратимувања со Љуљана и Подгорица, а беше потпишана и спогодба за соработка со Сараево. Доминантно на средбите со странските претставници беше размената на искуства за работењето на градските администрации, за финансирањето на локалните самоуправи, евроасоцијациите и користењето на средствата од европските фондови, размена на искуства од областа на децентрализацијата и слично.

Скопје беше домаќин на 11-та Конференција на градоначалниците на Унијата на главни градови на Централна и Југоисточна Европа. Покрај оваа конференција, од европските манифестации беше одржана и ТРАНСПАУЕР конференцијата за урбани сообраќајни концепти, како и еднодневна работилница на УИТП /меѓународната унија за јавен транспорт/.

Град Скопје ја поддржа организацијата на меѓународната манифестација ФОРУМ-Скопје „Soul for Europe“. Основната идеја на манифестацијата е да ги собере на едно место политичарите, граѓанскиот сектор, претставниците од економската и културната сфера на регионално ниво, како и од други Европски земји, вклучувајќи и членови на Европскиот парламент, со цел да дискутираат за улогата на културата и граѓанските иницијативи за градење на демократските структури и подигнување на нивото на економијата и социјалата во Европа.

Град Скопје, беше главен поддржувач на иницијативата за одржување на Европско биенале на млади уметници, кое благодарение на поддршката ќе се одржи во септември оваа година и на него ќе учествуваат 1000 млади уметници од Европа.

Градот Скопје стана придружна членка на Eurocities, организација во која членуваат главните градови на земјите членки на Европска Унија.

На иницијатива на градоначалникот Трифун Костовски Советот на Град Скопје кон крајот на минатата година донесе одлука градот Скопје да отвори канцеларија во Брисел, по примерот на другите европски метрополи.

Збратимени градови - Нанчанг

## ЕЗЕРА ВО ГРАДОТ И ГРАДОТ НА ЕЗЕРА




Двете реки и трите езера на чии брегови е распослана оваа метропола оправдано и го дава епитетот „воден град“. Изобилството на водени површини на посебен начин го исполнува градот со животна енергија. Планините во неговата непосредна близина и големите зелени пространства и градини во него го заокружуваат извонредниот природен еко-систем. Ви го претставуваме Нанчанг, главниот град на провинцијата Џиангши во југоисточна Кина, со популација од околу 4,9 милиони.

Нанчанг спаѓа меѓу 35-те најголеми градови во Кина. Тој е значаен историски и културен центар на Кина, со богата историја повеќе од 2200 години. Славната револуционерна традиција на градот прави од Нанчанг своевиден „град-херој“. Тука се формирани вооружените сили на Народна Република Кина и за првпат било развиорено знамето на Црвените сили.

Денеска, Нанчанг претставува отворен и динамичен град кој пулсира во согласност со модерните текови во светот. Оценет е како едно од најдобрите места за живеење во Кина. Се одликува со развиена индустрија и нуди одлични бизнис можности.

Во Нанчанг здивот го одземаат бројни историски, но и модерни споменици. На плоштадот Киушуи во Нанчанг се наоѓа најголемата фонтана во Кина, чии водоскоци достигнуваат висина до 128 метри. Во непосредна близина на Нанчанг е и најголемото природно езеро „Појанг“ во Кина, познато како „рај за птиците преселници“. Во Градот се наоѓа ролеркостерот „Звездата на Нанчанг“ висока 160 метри, кој е меѓу највисоките во светот. Од културно-историските знаменитости, во Нанчанг се наоѓа храмот „Тенгванг“ кој датира од 653-тата година и е еден од четирите најзначајни храмови во цела Кина.

Градот Скопје се збратими со Нанчанг во 1985 година, но интензивирањето на соработката започнува по потпишувањето на Меморандумот за пријателство во 2005 година. Во знак на пријателството со Скопје, еден од модерните булевари во Нанчанг го носи името Скопје – Нанчанг – Пријателство.

Т.С.

## ГРАД СКОПЈЕ

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ
ТРИФУН КОСТОВСКИ
тел: 3297 204, барака број: 4
gradonacalnik@skopje.gov.mk

СЕКРЕТАР НА ГРАД СКОПЈЕ
ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ
тел: 3 297 281, 3 297215, барака: 3

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Ирена Мишева
тел: 3 297 207, барака бр. 1
irena.miseva@skopje.gov.mk

СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ
Раководител: Крсте Андоновски
тел: 3 297 277, барака бр: 7
kandonovski@skopje.gov.mk

Одделенија за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци
тел: 3 297 280 - промет и подароци
тел: 3 297 316 - имот
тел: 3 297 314 - такси
danoci@skopje.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
Раководител: Аљоша Шопар
тел: 3 297 282, барака бр: 10а
Aljosa.Sopar@skopje.gov.mk

СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА
Раководител: Цветанка Икономова-Мартиновска
тел: 3 297 301, барака бр: 14
Cvetanka.Ikonomova@skopje.gov.mk
infoekologija@skopje.gov.mk

СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ
Раководител:в.д Јелена Перинска
тел: 3 297 392, барака бр: 11
Jelena.Perinska@skopje.gov.mk

ИНСПЕКТОРАТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Раководител: Хамзи Џафери
тел: 3 297 359, барака број: 14
hamzidz@skopje.gov.mk

## ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

ЈП „ГРАДСКИ ПАРКИНГ“
Директор: Љупчо Јованов
jovanovlj@gradskiparking.com.mk
тел: 3091 072 , 3091 074
www.gradskiparking.com.mk
- Пајак служба
тел: 3 238 871

ЈП „УЛИЦИ И ПАТИШТА“
Директор: Илија Мартиновски
тел: 3 162 317
www.jpuliciipatista.com.mk

ЈСП „СКОПЈЕ“
Директор: Александар Бошковиќ
aboskovic@jsp.com.mk
тел: 3 174 265
www.jsp.com.mk

- Диспечерски центар
тел: 3 173 224

ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“
Директор: Златко Димовски
тел: 3 220 827
www.khigiena.com.mk

ЈП „ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО“
Директор: Душан Авировиќ
тел: 3070 112

ЈП „ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА“
Директор: Игор Арнаудов
тел: 3 220 839
www.vodovod-skopje.com.mk

-Реони за наплата и одржување на водоводна и канализациона мрежа

Реон 1 Центар
наплата тел: 3117 753
reoncentar@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 3 238 992
одржување канализациона мрежа тел: 3 137 123

Реон 2 Кисела Вода
наплата тел: 3116 987
reonkiselavoda@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 2 782 609
одржување канализациона мрежа тел: 2 791 566

Реон 3 Карпош
наплата тел: 3 118 581
reonkarpos@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 3076 407
одржување канализациона мрежа тел: 3062 174

Реон 4 Чаир
наплата тел: 3 117 673
reoncair@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 2 671 888
одржување канализациона мрежа тел: 2 671 999

Реон 5 Гази Баба
наплата тел: 3 116 889
reongazibaba@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 3 174 524
одржување канализациона мрежа тел: 3 174 524

## ГРАДСКИ КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ

Библиотека „Браќа Миладиновци“ 3162-544
Културно информативен центар 3115-238
Дом на култура „Кочо Рацин“ 3163-739
Младински културен центар 3115508
Музеј на град Скопје 3115-367; 3113-609
Универзална сала - Скопје 3245-615
Зоолошка градина 3220-578
Детски Културен Центар „КАРПОШ“ 3228 - 111

## ПОВАЖНИ ТЕЛЕФОНИ

Противпожарна служба 193
Центар за управување со кризи 195
Електро-Скопје 02 3161454
Топлификација 02 3076200
Ургентен центар 02 3147147
Градска болница 02 3130311
Аеродром „Александар Велики“ 02 3148333; 02 3148336
Меѓуградска автобуска станица 02 2466011; 02 2466313
Железничка станица 02 3164255
Матична служба - ГУВР 3117 037; 3117 766
Сала за венчавање 3118 250
Републички пазарен инспекторат 975
СОС - кризни состојби на деца и млади 0800 12 222; 3136 400
СОС - за жени и деца жртви на насилство 9700
СОС - информации и превенција од трговија со луѓе 0800 11 111; 3173 424
Драмски театар 3063388
Детски театарски центар 3290111
Македонска опера и балет-МОБ 3114511
Национална галерија на Македонија-Мала станица 3126856

## СКОПСКИ ОПШТИНИ

Општина Центар 3203 680
Општина Кисела Вода 2785 400
Општина Аеродром 2400 970
Општина Карпош 3061 507
Општина Гази Баба 3226 655
Општина Чаир 2616 865
Општина Бутел 2616 868
Општина Шуто Оризари 2650 584
Општина Ѓорче Петров 2039 307
Општина Сарај 2050 289

